**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Третото продолжение на Четириесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 21 јуни 2007 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,15 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Започнуваме со денешната работа.

Продолжуваме со работа по 49-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Благородна Дулиќ, Љубчо Георгиевски, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Даут Реџепи, Елмазе Селмани, Јован Манасиевски, Блерим Беџети, Али Ахмети, Фазли Велију, Абдуладин Вејсели, Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, Илинка Митрева, Владо Бучковски, Хади Незири, Теута Арифи и Тито Петковски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Минуваме на точката 16 - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за производство и промет на вооружување и воена опрема, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот, извештајот на Законодавно правната комисија ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Господинот Шабан Салију, процедурално, повелете.

**Шабан Салију:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Би сакал да ги демантирам невистините во врска со настанот во поглед на изборот на член министер за локалната самоуправа. Она што по печатените медиуми вчера во сите се вртеше, дека јас наводно сум го скршил микрофонот на говорницата.

Сакам да кажам дека не е точно што новините го пишуваат вчера од проста причина што микрофонот не беше скршен, напротив беше оштрафен и паднат. Тоа го потврдуваат стручните служби во Собранието. Мислам дека и со писмен демант до сите печатени новини ќе се обратам. Едната работа.

Втората работа би сакал да им обрнам внимание на новинарите дека тоа, со ширење и пишување на невистини се крши кодексот на морални однесувања на новинарите после кога има нешто против нив, кога се кажува тогаш им е крив некој, односно ѓаволот, тогаш почнуваат да се лутат.

Исто така во поглед на процедуралната забелешка би сакал да го прочитам член 88 од Деловникот на Република Македонија, став 1 “за одржување на редот на седницата се грижи претседателот на Собранието односно потпретседателите”.

Мене ми е жал, лично тој ден што од страна на мојот колега,не го гледам тука, Есад Рахиќ се обидуваше да ја преземе улогата на потпретседател на Собранието и со навредливи зборови кои вчера јас ги прочитав посебно во “Вест” се обраќа многу непринципиелно дека овде не е “Шутка” и слични погрдни зборови.

Сметам дека колега, пратеник да зборува со таков навредлив јазик не е пристојно и најмногу со коси со кодексот на однесување на еден пратеник.

Би сакал од оваа говорница да упатам дека ние во Шуто Оризари кои живееме сме поштени луеѓе, мирољубиви луѓе, лојални луѓе на државата. Не се занимаваме со никаков шверц, најмалку се занимаваме со дрога, со продажба на оружје и со организиран криминал. Такво потенцирање и обид да се зборува на таков начин да се воспостави ред само му е лицето и образот односно јазикот на Хитлер.

Јас очекувам колегата пратеник да се извини на поштените граѓани за она што како навредливо го кажа. Во спротивно ќе поднесам кривична пријава против него.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине Макрадули вашата интервенција исто така ли е процедурална.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, се надевам дека секоја седница нема да започнува со процедурални забелешки од господинот Шабан Салију, посебно после неговата изјава. Имено тој овде се повикува на некој кодекс на морално однесување и навреди, а најголемата навреда за сите пратеници овде во Собранието ја има изречено токму тој дека наводно некој му нудел пари со што ги навреди сите пратеници во Собранието, ја навреди иституцијата Собрание и со тоа и нанесе најголема штета на угледот на оваа институција. Затоа својата непримерана изјава и навредата на сите нас што ја даде не може да ја замени со вакви алиби процедурални забелешки што ги дава. Целокупната јавност што ми се случи на микрофонот тука нема оправдување, затоа би ве замолил секој ден да не почнуваме со наводно оправдување на господинот Шабан Салију, туку тој да се извини на сите пратеници за навредата што ја искажа пред некој ден. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Процедурално збор има господин Андреј Жерновски и апелирам да завршиме со овој збор, процедуралните чарки во интерес на дневниот ред.

Му се приклучувам на барањето на господинот Јани Макрадули, повелете.

**Андреј Жерновски:** Благодарам претседателе.

Јас мошне принципиелно ќе реагирам.

Мене ми е драго што нашиот колега Шабан реагираше, меѓутоа би побарал да донесеме заклучок овде во Парламентот.

Се даде една многу сериозна изјава која како прво нанесува штета врз угледот на Парламентот. Беше дадена изјава од наведениот пратеник дека, цитирам, “му биле понудени од 1 до 3 милиони евра”, јас немам никаква причина да се сомневам, затоа би побарал да имаме координација и всушност како Парламент да побараме да сето ова се санкционира бидејќи според нашите закони, сакам да потенцирам дека тоа е казниво дело односно прикривање на кривично дело, така што ја имавме изјавата на шефот на одделот на организиран криминал. Јас би сакал пратеникот да каже, кој му понудил пари, без разлика дека е на власт или опозиција затоа што под итно треба сите 120 пратеници овде во Парламентот да реагираме, затоа што мораме да увидиме кој тоа понудил и кој всушност сака да ги поткупува паралментарците, бидејќи тоа е всушност кривично дело. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Ако побарате писмено координација за оваа тема мислам дека нема пречки да се направи.

Сега, ве молам да продолжиме со дневниот ред.

Бидејќи Рахиќ беше спомнат процедурално три минути и ве молам да не се лутите повеќе нема да давам процедурални, бидејќи ќе се развие дискусија преку процедуралните елементи во една погрешна насока во која управо сега и господинот Жерновски со право ја искритикува. Да не влеземе два пати во тие води.

Повелете господине Рахиќ.

Не се однесуваше тоа на вас, тоа е објаснување зошто нема повеќе да давам процедурално, повелете.

**Есад Рахиќ:** Претседателе, Горгиевски, професор по функција, претседател може секој, за професор малку потешко.

Дозволете низ неколку реченици да кажам бидејќи бев спомнат.

Јас сум пратеник веќе 5 година во овој Парламент и дел од колегите што беа претходно и ме знаат лично. Пред два дена навистина имаше инцидент и бев испровоциран јас искрено признавам, поради начинот на кој што еден наш колега пратеник со кој што имам извонредно коректни односи, претпоставувам дека и понатаму ќе бидеме пријатели и колеги, она што го спомна и господинот Жерновски, со една несреќна изјава дека му биле понудени од 1милион до 3 милиони евра. На тоа реплицирав. Дел од тоа беше извадено од контекст и беше презентирано. Не сакам понатаму да се правдам, но сакам да го кажам следново.

Да се даде таква паушална оценка каде што 120 луѓе во овој Парламент во кој што најголемиот дел исклучиво живеат од таа плата тука што ја заработуваат и да се направат дека се луѓе или недај боже предмети, стока за на пазар да може кој сака да помине и да купи, навистина навредливо е и за нас и за оние неколку стотици илјади луѓе што гласале за нас.

Што се однесува за мојот однос спрема Ромите отидете во Шутка, отидете во Топаана и прашајте што Есад Рахиќ како пратеник и поранешен директор на Скопски водовод заменик генерален на улици и патишта работел за моите пријатели и браќа Роми. И затоа, така да не чуствувам потреба, лично на господинот Шабан Салију да му се извинам затоа што дел од реченицата која што ја употребив не е таква како што е, меѓутоа би го замолил понатаму кога споредува одредени однесувања, кога спомнува Хитлер и слични некој стварно може да добие кривична пријава, ама нема тоа да биде господинот Есад Рахиќ, пратеникот. Затоа би ве замолил и во име на дигнитетот на овој Парламент понатаму кога ќе зборуваме во свое име или во име на народот кој што го преставуваме, а 15 години тој народ нема чест на улица, нема водовод, а ние во името на тој народ правиме пари, се богатиме да ги мериме зборовите затоа што не само 120 пратеници, не само стотици илјади граѓани што не гледале, туку и меѓународната јавност и луѓето што проценуваат дали Република Македонија и нејзините институции се подготвени за влез во Европа и НАТО, не мерат и гледаат какви сме и кој сме. А, ако се спомнува такви цифри, за кои што лично јас не знам како изгледаат, не знам ни да избројам толку многу пари, тогаш ви гарантирам оние што не мерат ќе речат дека дефинитивно не сме за таму за кај што се стремиме. Благодарам претседателе.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Драги господа, господа колеги не го сметам ова за загубено време процедуралнава расправа, никогаш не е на одмет да помислиме дека “јазикот нема коски ама коски крши”, мислите на таа наша народна поговорка кога говориме јавно во овој дом.

Сега за збор се јави господинот заменик министер за економија, повелете.

**Киро Спанџов:** Благодарам претседателе,

Почитувни пратеници,

Предложените измени се вршат поради потребата за неговото усогласување со Законот за прекршоци и водењето на прекршчни постапки и изменувањето на прекршувњето на санкции со овој закон е доверено на надлежните судови заради значењето на производството и промет на вооружени и воена опрема. Само толку, ако има прашање ќе продолжиме затоа предлагаме да го прифатите ова. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Го затворам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон, за измнување на Законот за производство и промет на вооружување и воена опредма.

Молам, службите да достават точен број на пристуни пратеници во салата, затоа што ќе преминеме на гласање.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Ве повикувам да гласаме.

Во присуство на 61 пратеник, гласле 57 и тоа 56 за, воздржни нема и против 1.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве повикувам да гласаме.

Молам, службите да достават точен број на пристуни пратеници во салата, затоа што ќе преминеме на гласање.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Ве повикувам да гласаме.

Во присуство на 64 пратеници, гласле 53,сите 53 гласале за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по предлого на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пртеници, и сите 56 гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за производство и промет на вооружување и воена опрема.

**Минуваме на точката 17 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за контрола на извоз на стоки и технологии со двојна употреба, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на закон со Предлот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор заменик министерот за економија.

**Кире Спаџев:** Благодарам претседателе.

Предложените измени на Законот за контрола на извоз на стоки и технологии со двојна употреба се вршата поради потребата од негово усогласување со Законот за прекршоци.

Исто така, со овој Предлог закон се врши допрецизирање на некои одредби од глава 2 односно Комисијата за извоз на стоки и технологија со двојна употреба од аспект на функционирање на Комисијата. Значи, се додаваат, ако има можнот да се бира и заменици на Комисијата за да може Комисијата подобро да функционира.

Тоа се воглавно измените. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува претлогот за донесуаање на Закон за изменување и дополнување на Законот за контрола на извоз на стоки и технологии со двојна употраба.

Ве повикувам да гласаме.

Молам, службите да достават точен број на пристуни пратеници во салата, затоа што ќе преминеме на гласање.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Во присуство на 62 пратеника, гласле 54 и сите 54 гласале за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве повикувам да гласаме.

Во присуство на 63 пратеници, гласле 49. За гласале 48, воздржано 1 и против нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по предлого на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пртеници, и сите 57 гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за контрола на извоз на стоки и технологии со двојна употреба.

**Минуваме на точка 18 - Предлог за донесување на закон за изменување на Закон за стечај, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот, со Предлгот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор заменик министерот за економија.

**Киро Спанџов:** Благодарам претседателе .

Закон за стечај е донесен 2006 година и предложените измени се вршат поради потребата од негово усогласување со Закнот за прекишоците во однос на казнените одредби, водење на прекршочна постапка, изрекувањето на прекршочни санкции со овој закон е доверено на надлежните судови.

Истовремено се бришат членовите 2 и 3 од измените и дополнувањата направени во 2006 година со кои е предвидено ограничување на бројот на стечајните постапки кои стечајниот

управник може да ги води, а тоа е најмалку во две претпријатија.

Со предложените измени нема ограничување на бројот на претпријатијата кои може да ги води стечајниот управник.

Во изминатиот период по донесувањето на законот односно од минатата година некаде септември Министерството за економија направи усилби да се донесат сите подзаконски акти за Законот за стечај. Донесени се 5 подзаконски акти, еден кодекс на однесување и 8 стандарди. Тоа значи дека имплементацијата на законот се става во функција и се работи интензивно. Понатаму значи дека е организирана обука во три градови во Република Македонија и организирано е полагање на стечајните управници. Со тоа цениме дека Законот за стечај се имплементира и воспоставена е контрола на водењето на стечајните постапки односно контрола на стечајните управници. Тоа значи дека сега контрола на стечајните управници имаат неколку надлежни органи, а тоа е Судскиот совет, кој според Законот не учествува во стечајната постапка, туку тој е надзор на водењето на стечајните постапки.

Понатаму, има одделение во Министерството за економија кое ќе врши надзор, контрола и евиденција на водење на стечајната постапка за рокот на водењето на стечајната постапка, отворањето, донесување решенија итн.

Исто така постои Комисија која е влезена во Законот за надзор на стечајните постапки кои исто така имаат право да сугерираат за одредени стечајни постапки како се водат и дали се водат во рамките на Законот.

Во постапката за формирање на комора на стечајните управници, таа е закажана за сабота и комората ќе биде уште еден орган или институција која ќе врши контрола на водењето на стечајната постапка.

Со ова цениме дека ограничувањето на стечајните постапки треба да се симне и цениме дека има други механизми за начинот на контролата на водењето на стечајните постапки од страна на стечајните управници.

Би сакал да ве информирам дека во Република Македонија со последното полагање на стечајните управници има положено 87 стечајни управници, понатаму во септември, октомври ќе се организира повторно полагање, тој број може да се зголеми, меѓутоа, цениме ако ова не се симне како став 10 од членот 22 од Законот за ограничувањето, тогаш ќе имаме проблем со водењето на стечајните постапки во насока на блокирање на судовите, значи ќе немаме доволно стечајни управници за да ги водат стечајните постапки. Спрема анализата што е направена и која беше расправана на Комисијата за економски прашања на Собранието на Република Македонија која едногласно ја прифати оваа измена, во изминатиот период од донесувањето на законот поднесени се вкупно 1592 стечајни постапки. Значи, оваа анализа се однесува на 10 судови и Министерството за економија и понатаму настојува да направи детална анализа и за рокот на траење на стечајните постапки. Сега сме во постапка на таа анализа и евиденција и би сакал да ви кажам дека некаде околу 1200 стечајни постапки се решени, имаме голем напредок во разрешувањето и скратувањето на роковите на стечајните постапки. Со завршување на анализата ќе имаме точни бројки, меѓутоа, цениме дека е потребно оваа наша измена да ја прифатите заради блокирање на водење на стечајните постапки во судовите. Едновремено би сакал да ви укажам дека од Европската комисија законот и имплементацијата на Законот за стечај во последниот извештај е оценет со одлично со напомена дека треба да се симне ограничувањето на водењето на стечајните постапки дека тоа е во спротивност со уставните определби и цениме дека тоа ќе го направиме и ќе имаме разбирање кај пратениците со една тенденција дека во наредниот период ќе се ангажираме повеќе да дадеме подетална анализа на рокот на траењето на стечајните постапки затоа што според една анализа од 2005 година стечајните постапки во Република Македонија траат 3,7 години, сега има тенденција со последните анализи дека тој рок се скратува, но ние не сме задоволни, понатаму ќе одиме во имплементација на многу детали, со многу анализи, со многу посредувања во водењето на стечајните постапки. Вие знаете дека има проблеми со стечајот околу Катастарот, околу парниците што се водат, околу институциите што учествуваат во стечајните постапки како што се банките и другите јавни претпријатија. Имаме намера да организираме обука, покрај организирање обука на стечајни управници, обука на стечајни судии, обука на доверители кои ќе учествуваат во стечајната постапка, тоа се банките, јавните претпријатија итн.

На крај би сакал да предложам дека има потреба од донесување на оваа измена заради доброто на водењето на стечајните постапки и подобрување на климата во македонското стопанство. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За збор се јави господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер,

Внимателно го слушав излагањето на заменикот министер, овој предлог да се симне ограничувањето на бројот на стечајните постапки што може да ги води еден стечаен управник, втор пат за кратко време стасува пред пратениците од Собранието на Република Македонија и заменикот министер се обиде да ни објасни дека има потреба, пред се, анализирајќи го бројот на отворени стечајни постапки, споредувајќи го со бројот на стечајни управници нема доволен број на стечајни управници кои можат да ги завршат овие стечајни постапки да не дојде до блокада.

Но, од друга страна заменик министерот во својата дискусија истакна дека се воведени неколку контролни механизми со кои се засилува контролата на работењето на стечајните управници во насока на поажурно, поодговорно и позаконско работење, веројатно на стечајните управници и сега тука се поставува прашањето зошто, бидејќи се воведени механизми на контрола, веднаш се оди со измена и дополнување на Законот за да се намали или да се тргне ограничувањето на бројот на стечајните постапки.

Можеби бројот во законот кој е определен најмалку три е мал, но дека треба скроз да се избрише во овој момент, јас сум скептик, мислам дека Министерството за економија требаше да почека новите контролни механизми да почнат да даваат резултати, да се види дали навистина недостасува бројот на стечајни управници и дали бројот 3 е мал, но сепак да постои некое правило или некое ограничување во бројот на стечајни постапки кои може да ги води еден стечаен управник.

Претходната пракса, додека немаше вакво ограничување, бевме сведоци во Република Македонија дека некои стечајни управници во мала рака беа господари на некои фирми. Имаа апсолутна власт, својата активност ја извршуваа неодговорно, незаконски и направија големи штети не само на доверителите, туку и на вработените во тие фирми кои, поради нивното несовесно работење, останаа на улица.

Еве да го земеме за пример најлегендарниот од нив Тамбурковски. Во Капитал пишува дека тој водел стечај од 15 до 23 фирми. Тоа е огромна бројка и ако ги наброиме фирмите во кои бил стечаен управник како МКК Злетово, Газела Скопје, ФАС 11 Октомври, МИСТРЕМ - Скопје, Македо комерц, УПА Ентерпрајз, ТАБАК - Угостителство, АГРО, ЗИК Богданци и во Експорт Импорт банка. Значи, клучни стопански субјекти за одделни градови или региони во Република Македонија кои веројатно дел поради толкав број на стечајни постапки кои ги водел овој господин кој не е сега во Република Македонија, не ги завршил квалитетно.

Господине заменик министер не е само стечајните управници да добиваат стечајни постапки, туку треба квалитетно да ги вршат. Со вакво симнување на ограничувањето, верувајте повторно се создаваат предуслови да се јават многу тамбурковци во Република Македонија. Повторно ќе имаме ситуации во кои таа спрега или стечајните судии, доверителите, стечајниот управник ќе функционира. Значи, во Република Македонија има една група на стечајни управници кои добро котираат кај стечајните судии и за најголем број предмети се именуваат токму тие. Но, од друга страна, ако се направи анализа на нивните резултати што ги постигнале, ќе видиме дека тие се гробари на сите тие фирми. Сега немаме анализа да видиме во која фирма што ја зеле да ја водат стечајната постапка предложиле план за реорганизација. Секаде е одено во ликвидација, а имале таква можност, согласно Законот за стечај. Затоа мислам дека треба многу внимателно (галама во салата) господине претседателе ако може малку да воведете ред во салата.

Затоа мислам дека треба многу внимателно да се оди со овие ограничувања, симнувањето и контролата уште повеќе да ја засилите, бидејќи досегашната пракса и искуство покажа дека неограничувањето или немањето контрола на работата на стечајните управници фактички доведе само до затворање на фирмите, а ниту една не продолжи да работи, работниците останаа на улица само затоа што стечајните управници одеа на ликвидација на фирмите.

Бидејќи е предложена измена на Законот за стечај зошто друштвата кои се регистрирани за стечајни управници не ги овластите да добиваат поголем број на стечајни постапки. Тие треба да обезбедат осигурување од 100 илјади евра, а на исто ниво се со стечајните управници поединци кои треба да обезбедат осигурување од 25 илјади евра. Кога веќе вработиле економист, имаат правник, сигурно дека бројот на стечајни постапки кои можат да ги водат преку својата фирма е поголем, а и гаранцијата обезбедува нивно поодговорно работење во водењето на стечајните постапки дека треба и во таа насока да размислувате. Мислам дека такви има 16. Но, ако ги стимулирате сигурно ќе се формираат и повеќе и мислам дека полесно ќе ја вршите контролата, доколку има повеќе друштва стечајни управници.

Затоа дозволете да го изразам своето сомневање дека со ова решение повторно ќе се создадат предуслови во Република Македонија да се јавуваат многу стечајни управници како што е Владислав Тамбурковски и некои други кои, за жал, фирмите само ќе ги водат до ликвидација, без разлика дека имаат законска можност да предложат и реорганизација водејќи се само од тоа што побрзо да ја добијат надоместокот кој им следува, а кој, верувајте, не е мал, зависно од големината на фирмите и повторно се создаваат услови за некои стечајни управници да земат 10-12 фирми, физички не можат, не се вундеркинди да водат толку стечајни постапки. Затоа требаше постепено да одите со ослободување, контролата посериозно да си ја врши работата, а ваков случај, повторно враќање на старото решение, во голема мерка создава предуслови за незаконско работење на стечајните управници се на штета и на доверителите, бидејќи ретко кој доверител си ги наплатил, а најмногу на работниците кои ќе се најдат на улица.

Апелирам, бидејќи очигледно владеачкото мнозинство ќе прифати ова да помине, контролата што ја имате преку Министерството за економија, преку комората која ќе се формита, таму во регистерот задолжително да се води кој стечаен управник колку стечајни постапки има за да може и тука да има една евиденција што поригорозно и посовесно да се остварува, бидејќи верувајте ќе има многу тешки ситуации во дел од

стечајните постапки, ако вака се остави работата како што беше претходно. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор заменик министерот за економија, повелете.

**Киро Спанџев:** Благодарам претседателе.

Потполно се согласувам со почитуваниот пратеник во однос на водените постапки во изминатиот период и го поддржувам во таа насока. Меѓутоа, сакам да кажам дека сега со новиот закон се воспоставени рамки во кои самиот должник има право да предложи стечаен управник и тука го гледаме излезот односно ние во овој период во Република Македонија имаме голем број на стечајни постапки односно блокирани сметки и еден стечаен управник може да води две или три претпријатија, меѓутоа, може да води 10 или 15 така наречени фирми отвори-затвори. Сакаме да ги решиме тие претпријатија кои се блокирани, кои во Македонија изнесуваат повеќе од 20 илјади и тие се товар на стопанството и на овој начин мораме да направиме еден вентил за решавање на тие претпријатија.

По однос на начинот на водењето на постапката, се согласувам дека забелешката е на место, дека ќе имаме ригорозни контроли на водењето на стечајните постапки. Веќе постапивме по некои предмети за кои подолгорочно се водеа сте чајни постапки, направивме ревизија во некои постапки. Исто така секоја подолго водена стечајна постапка се анализира и ќе се преземат одредени активности за да се помогне да се излезе од таа криза на долго водење на стечајни постапки. Тука се работи за Катастар и други институции кои ги кочат процесите, банките не даваат согласност со продажб а на имот, сега не би должел, во потполност се согласувам дека контролата треба да биде максимална.

Основна интенција на сите нас треба да биде што помалку стечајни постапки треба да имаме, тоа значи кога ќе се појават долгото во едно претпријатие, треба должникот, а не доверителот да покрене стечајна постапка. Тоа е ставено во законот и цениме дека на тој начин ќе се елиминираат долгите постапки и многубројни. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

Претпоставувам реплика има господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Заменикот министер искажа добри залагања, се надевам дека тие ќе профункционираат и во пракса, бидејќи се знае, доколку сето тоа не се заврши, до каде ќе се доведе ситуацијата со водењето на стечајните постапки.

Испуштив претходно да кажам, бидејќи има толкав број на стечајни предмети, ние немаме преглед на структурата на тие стечајни предмети, односно во колку случаи се работи за стечај каде нема имот односно може по кратка постапка голем дел од нив да се затворат, без посебни процедури и одолговлекувања. Сигурно дека е голем бројот на овие стечајни постапки и затоа пак ќе кажам требаше многу внимателно да се оди со ова намалување на ограничувањето, но се надевам, еве заменик министерот за економија јавно прокламираше заложби дека ќе се засили контролата, дека тоа и во пракса навистина ќе се спроведе, бидејќи судбината на многу луѓе зависи од сите овие процедури.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор господинот Љубисав Иванов Ѕинго, повелете.

**Љубисав Иванов Ѕинго:** Почитуван претседателе, другарки и другари.

Дискусиите по законите за стечај за овие 15-16 години беа најбурни во овој Парламент. Се водеа такви долги расправи и од позицијата и од опозицијата од аспект што преку стечаите се ликвидираше македонската економија.

Ни еден закон за стечај не беше во развојна функција, како што се законите во сите развиени земји во светот, па и земјите кои отидоа подалеку во транзицијата.

Во Република Македонија стечајот се сфати како постапка преку која треба да се ликвидира една компанија, една фирма, една фабрика, еден рудник итн. Затоа во Република Македонија се катастрофални последиците од стечајот.

Тие не датираат од вчера, тие се од 90-те години па наваму непрекидно се одвиваат. Во тој поглед не направивме никаква пресвртница. Најпрво, за стечајни управници во 90% дојда неспособни луѓе, луѓе кои поим немаат од економија. Луѓе, кои не направиле ништо во економските дејствија и процеси. Јас честопати тоа го велам, не нарпавиле ни кокошарник. За разлиака од нас, во светот, во зависност од големината на компанијата, се поставуваат најспособните луѓе за стечајни управници. Такви примери има многу во светот и јас сум ги наведувал во моите говори и моите настапувања овде и најчесто тоа се луѓе кои произлегуваат од одредени конкурентни компании, компании кои што имаат слично производство, кои што го познаваат тоа производство и кои знаат на кој начин да ја извлечат таа организација, која моментално е ставена во стечај, да ја стави во функција. Значи, понатаму да произведува и да живее и да дава крупни ефекти за општеството, за државата на задовослтво на акционерите и т.н. Ние, јасно е дека за овие години на стечајните управници, тие направија покољ во државата. Затворени се огромен број на производни капацитети, уништени се градови, региони и во индустријата и во рударството и во земјоделието, во сите области. Нема да помине многу време кога ова општество и оваа држава ќе ја разоткрие и таа погубна состојб аи крупни последици и ќе гиотвори процесите на стечајната мафија, како што сега се отвораат многу такви процеси. Погледнете какви гиганти отидоа во стечај, во ликвидација, колку општеството наше е оштетено. Само ако ги анализираме рудниците за олово и цинк, врзани

со Топилницата, тоа се годишни губитоци во еден промет од 300 до 400 милиони евра. Нека е добивката таму 10 до 15% се работи за 60 или 70 милиони изгубени профити. Имајќи ги предвид сега цените на меалите и воопшто на светскиот пазар, таа се зголемува за 3-4 пати. Ние се молиме да земеем некоја донација иликредит да се задолжиме кај светските финансиски организации и банки,кои пари мора да ги враќаме сокамати и т.н., а ние од друга страна губиме огромни профити,кои требаше да ги остварува нашата економија. И каде што ги ликвидиравме организациите, кои сега практично требаШе да бидат извори на едно огромно богатство, а таков е случајот со многу индустриски и другите капацитети. Јас сакам ова Министерство, кое сега еве опстојува 9 месеци да ни предложи еден закон кој ќе ја има развојната функција, во кој што ќе се предвидат ефикасни мерки за еден таков закон. Мора да се поставаат фази. Првата фаза треба да биде, дали може таа организација со ангажирање на креативни кадри да се извлече од ситуацијата во која што се наоѓа и кои мерки при тоа треба да се направат. Тоа не го можат овие стечајни управници,приучени луѓе со овие курсеви, тие се обучуваат како да ја ликвидираат организацијата. Не може со курсеви и со неискуство тие луѓе да се зафатат и да организираат и други луѓе и институции да гисогледаат заедно со нив можностите таа организација да се доведе во производна кондиција. Инаку, ова не не води никаде. Јас ќе викажам дека во врска со овој член имаше расправи еве неколку години. И неслучајно позицијата и опозицијата околу оваа работа беше едногласна еден повеќе да не води стечаи, или во зависност од големината на стечаите, дури ако е голем објектот кој е ставен во оваа функција е доволно да го води само тој објект, а не повеќе. Според тоа, мислам дека на проблемот треба да му се пристапи многу сериозно, да го спасиме она што може да се спаси. Големи се девијантните појави во стечајните собития. Голема е корупцијата. Во целата таа работа се вклучени и стечајни управници и поедини судии и други субјекти и т.н. Јас ќе ви кажам само еден случај за Кратово. Фабриката која што беше надвор од компанијата на Силекс за брусеви, која односно чија изградба чинеше она време од 1963 и 1964 година 20 милиони марки, а денес веројатно е тоа 60, 70 или 80. Низ маткање заедно со Агенцијата за приватизација се продаде за 150 илјади евра. Мангупите успеаа низ разни манифестации уште да уќарат 4 или 5 милиони евра. Таа фабрика трае 3 години стечај, просто несватливо. Се крчми тоа што има таму, најквалитетната опрема се продаде, залихите се продаваат, доверителите немаат интерес таа фабрика да се продаде, затоа што трошоците ги сноси стечајот и така сега сме на пат да се направи уште една друга корупција. Тука мора Министерството да има прерогативи, за да може Министерството за стопанство да интервенира таму каде што ќе дојде до сознание дека се одвиваат негативни појави за општеството, државата и т.н. и заедно со судовите да се промени и стечајниот судија и стечајниот управник, да се поставаат луѓе кои правилно ѓе го изведат стечајот. Инаку, ова, јас знам на мене колку е правен притисок од Светската банка овој член да се укине, а никогаш не објасниле зошто тоа се прави. Јас секогаш сум ги прашувал,објасенте ми. Зошто еден да води повеќе стечаи од 3, од 4 и т.н. Никогаш добри причини за таа работа не ми искажаа. Зацртале една таква политика. Некаде за таква работа се избориле и тврдоглаво тоа го применуваат еве и кај нас. Меѓутоа, последиците се големи. Не само последиците сега за кои што ние зборуваме, туку и последиците кои што ќе додјат во наредниот период. Стечајо тне може да биде цел за ликвидација. Стечајот не може да биде предмет на богатење. Стечајот не може да биде место каде што се создава корупцијата. Стечајот не може да биде место за перење на пари. Стечајот мора да биде,повторно ќе кажам, во функција да се активира еден објект, а тоа треба да биде првата задача. Тука не може со овие стечајци и овие курсисти и овие луѓе кои беа дури во тие курсеви се луѓе кои направија стечаи во голем број досегашни објекти во Македонија.

Јас предлагам на Министерството за економија пристапи кон изработка на еден практичен, ефикасен закон, закон којшто ќе ги спречи сите овие девијантни појави затоа што ќе бидеме сведоци кога ќе се отворат овие процеси за крупни злоупотреби во Република Македонија, за големи губитоци што ја снајдоа оваа држава и пред кои ќе биде исправена и во наредниот период ако не преземеме мерки.

Јас не сакам повеќе да зборувам, затоа што многу сум зборувал, затоа што тоа го гледам во Република Македонија како се одвива, затоа што сум човек кој никогаш не сум учествувал во ликвидација на објекти, туку само во градење и ми паѓа тешко она што се случи за овие 15 до 16 години и ми е страв за она што ќе се одвива како процес понатаму ако не го спречиме. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Иванов.

Има збор господинот Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер, еве јас почувствував потреба да се јавам, бидејки минатиот пат на Комисијата разменивме мислење и после дискусиите на колегата Марјанчо Николов и вашата денешна дискусија, а и дискусијата на Љубисав Иванов Ѕинго, би сакал и јас да се вклучам и да кажам нешто околу овој Предлог закон за стечајот. Знаеме дека овој Предлог закон е со цел за усогласвуање со Законот за прекршоци. Тоа е една работа. Нешто што е најбитно и важно во овој Предлог закон тоа е укинувањето на овие два и три членови околу ограничувањето на бројот на фирмите односно на фирмите кои може да ги води еден стечаен управник или еден трговец, друштвото за стечајни управници и трговец поединец.

Јас и на Комисиајта дискутирав и кажав дека во досегашната практика не беше добро тоа што беше ограничувањето исто и за трговецот поединец и за друштвото стечаен управник,од причини што знаеме дека тука во друштвото имаме повеќе вработени, а трговец поединец е еден вработен, а тоа е фактички фирма - човек и со истите ограничувања беа и двата фактори односно трговец поединец и друштво стечаен управник. Значи, тоа беше, според мене еден недостаток во претходниот закон.

Нешто би сакал да кажам е околу тоа што, тоа ме навлече односно ме поттикна да кажам и да помислам за измените и дополнувањата на Законот за стечај. Како што реков, од една страна според вашите кажувања и тоа што ние го знаеме добро е, бидејки имаме голем број на стечајни постапки, овде иамем големи, мали и фирма човек, но сепак стечајната постапка треба да се помине, треба да се заврши и имаме недовршување на голем број стечајни постапки, а имаме многу мал број на стечајни управници. Вие објаснивте, а имаме и тука во образложеието дек аимало и тукаконкурс за полагање на стечаен управник, дека толку и толку се пријавиле,половина положиле, но сепак и според тоа што го планирате дека ќе се зголеми укинувањето на членовите 2 и 3, да се зголеми бројот на фирмите кои можат да ги преземат стечајните управници, со оваа бројка која што ја имаме овде, е мала. Како што кажавме предмалку дека еден дел од оние кои се пријавиле не положиле, тоа денес во вашето образложение на крајоткога рековте дека сега понатаму ќе се залагате на следните конкурси за полагање за стечаен управник ќе вршите едукација, семинари и т.н. Тоа е добро за да може овој процент на пријавени, а положени да се зголеми, а можеби ќе се пријават уште повеќе кандидати ако бидат повеќе едуцирани околу полагањето. Тоа е добар потег кој што треба да го преземете, но да видиме во иднина дали ќе се оствари или е само замисла. Значи, тоа се неколку позитивни работи кои што ги кажав околу овој Предлог закон, но сепак има и негативности, кои што не би сакал да ги повторувам, а на нив се задржа колегата Марјанчо Николов и колегата пратеник Љубисав Иванов Ѕинго дека сепак ќе појават одредени стечајни управници, кои сега наместо 3 што беше еден лош закон до сега, ќе се преземаат можеби 10, 15 или како што рече колегата ќе се појавуваат нови Тамбурковски. Бидејки, како што знаеме и од праксата знаеме дека ако еден стечаен управник води две до три фирми, знаеме дека поквлаитетно ќе ја изработи работата и навреме и квалитетно. Но, ако има повеќе фирми самата пракса кажува дека, особено ако биде стечаен управник едно лице, не биде друштво, самиот тој фирма-човек, знаеме колку може да ги изврши работите и работните задачи односно фирмата да ја доведе до крај однсоно да го изврши стечајот. Од лошото исксутво што го имаме во Македонија, претходната дискусија на колегата Иванов ја слушав со внимание, бидејќи тој е многу години во стопанството, точно е тоа дека стечајните управници до сега не беа луѓе домаќини на фирмата, фирмата да ја извадат од таа ситуација и да застанат на здрави нозе, туку стечајните управници беа луѓе кои доаѓаа во фирмите за што побрзо да ја турнат фирмата во стечај односно да ја ликвидираат.

Следиме и знаеме дека сите стечајни управници се борат да земат една фирма повеќе, бидејќи од таа фирма, од тоа што се продаваше, од тоа што се распродаваше ќар имаат само стечајните управници, а во ниеден случај работниците од фирмата. Знаеме дека многу фирми имаа капитал кои беше распродаден, а од средствата дел беа исплатени некои долгови, дел придонеси на работниците, но тоа што требаше најпрво да се направи, односно да се подмират долговите како спрема надворешните така и спрема внатрешните побарувачи, односно работниците и тоа беше ставано во втор план, а стечајниот управник можеше да води една фирма со години, можеби 4, 5, 6, 7 години и секогаш имаше личен доход за него, дневници итн, а долговите и работниците не беа обештетени од стечајниот управник.

Моето размислување, односно вашето последно кажување почитуван заменик министер беше дека во наредниот период ќе настојувате со законски акти да се уреди и да се скрати квалитетно стечајната постапка, да се заврши стечајната постапка со контроли, на идните кандидати да се врши едукација. Сето тоа е добро и се надевам дека ќе се донесе еден квалитетен закон за стечај, кои ќе биде ефикасен закон, кој ќе биде за доброто на фирмата, на вработените, а не само за стечајниот управник кој ја раководи фирмата.

На крајот јас би сакал сето тоа што го зборуваме денес ние пратениците да го поткрепам со еден пример од струмичкиот регион. Имено, и во Струмица како и во сите градови имаше многу фирми кои беа под стечај и речиси ниту една не отпочна повторно да работи, меѓутоа, има едно добро искуство од една фирма. Станува збор за фирмата “Стан - Керамика” која беше на времето во стечај, беше во иста состојба како и останатите фирми, но таму дојде стечаен управник, човек кој фирмата ја застана на здрави нозе и денес е фирма која работи за извоз за домашен пазар, фирма која има вработено околу 400 - 500 вработени, фирма со европски имиџ. Такви фирми се ретки, можеби на 200 една, па затоа го подржувам колегата Марјанчо Николов и колегата Љубиша Иванов Ѕинго дека треба да се изработи еден квалитетен закон, продуктивен закон за да бидат стечајните постапки пократки и побрзо да завршуваат. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

За збор се јави заменик министерот за економија, повелете.

**Киро Спанџев:** Да објаснам некои работи. Законот е доста квалитетен. Во законот стои дека ако се води ликвидација, за 120 дена треба да заврши ликвидацијата. Ако се води план за реорганизација, за 210 дена треба да се заврши планот за реорганизација. Законот е донесен,

имплементацијата беше на контрола на едно здружение на стечајни работници во Белград и е оценет како еден од најдобрите закони во Југоисточна Европа. Подобри сме и од Словенија и од Хрватска и од Бугарија. Значи законот е добар, можам да кажам одличен, меѓутоа, ни претстои голема задача за имплементација на законот. Напорите на Министерството за економија што се прават се во правец на имплементација на подзаконските акти со обуката, полагањето итн. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине заменик министер.

За збор се јави господинот Павле Трајанов, повелете.

**Павле Трајанов:** Почитуван потпретседател, почитувани пратеници,

Можеби немаше да се јавам за збор доколку претставникот на владата не изнесе една информација дека овој закон, односно овие предлози биле на експертизам на здружени не стечајни управници, затоа што има многу оценки за нив дека практично стечајните управници се гробари на стопанството на Република Македонија, затоа што нивната поврзаност со оние што ги влечат главните конци во државата, поврзано со некои од корумпираните судии, досега, еве, кажуваше и господин Иванов дека практично и преку стечајот се покриваат сите незаконски работи, се покриваат сите криминални активности и стечајниот управник практично станува еден гробар кои што ги покрива сите досегашни противзаконити активности и знаете што е резултатот? Преку стечајната постапка, преку стечајната процедура работниците излегоа надвор од фабриките. Јас не видов ниту една успешна, квалитетна стечајна постапка, некоја од фирмите што имало услови да се подигне да почне да работи, тие сите пропаѓаа. Сега слушаме дека оние што постојано ги водеа стечајните постапки на големи огромни фирми, избегаа во странство и не можеме да ги најдеме каде се.

Мислам дека ако се отвори ваква расправа околу стечајните управници, според мое убедување стечајниот управник мора да биде врвен менаџер, треба да биде човек кој што сака да направи нешто за фирмата. Инаку вака ако се тераат работите, не зависно од намерата на Владата, независно од намерата на Министерството за економија, мислам дека нема ништо да се промени, и натаму ќе имаме стечајни постапки кои ќе траат долго што на крај ќе заврши со ликвидација на фирмата, а и натаму луѓето ќе останувaат, вработените ќе останувaат на улица. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Трајанов.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за стечај.

Пред да ве повикам да гласаме, би ги замолил службите да доставaт точен број на присутни пратеници во салата.

(Во салата нема кворум).

Ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата за да можеме да пристапиме кон гласање на заклучокот.

Ги повикувам службите уште еднаш да ни доставaт точен број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 63 пратеници, па затоа заклучокот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, од нив 55 гласале за, воздржано гласале 7 и 1 пратеник гласал против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот?

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни пратеници во салата, гласале 60 пратеници, од нив 55 гласале за, воздржани 4, против 1.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отварам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За Предлогот на законот гласал 61 пратеник, од нив 51 гласаа за, 8 воздржано и 2 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за стечај.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам 49-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Објавувам пауза од 10 минути, а потоа паузата продолжуваме со продолжението на 45-тата седница на Собранието.

(Седницата заврши во 12,31 часот).